## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 22-05-2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2553 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово

3. **Датум на извршување на надзорот:** 21 мај 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво, треба да биде 3 (три), од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари"*.

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово <u>ги исполнува минималните кадровски услови</u> утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   <u>Образложение:</u> При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово во 2017 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2017 година, вкупниот број на вработени во радиостаницата изнесувал две лица, од кои како новинар со висока стручна спрема било ангажирано само едно лице. Поради тоа, на 08.05.2018 година Агенцијата со писмен допис (наш бр.03-2317/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   На 17.05.2018 година, ТРД РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово достави до Агенцијата <u>Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за лице, заклучно со 14.05.2018 година, Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 за едно лице</u> и <u>четири договори за извршување на работни задачи, склучени помеѓу радиодифузерот и четири физички лица</u>. Од доставената документација е видно дека во радиостаницата се вработени вкупно пет лица, од кои две со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.